Архивски број: 08-23/4
25.02.2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-23/1 од 2.1.2025 година поднесена од од Крива Паланка, со адреса на , против извршител , со седиште на за сторена дискриминација врз основа на ментална и телесна попреченост, здравствена состојба и припадност на маргинализирана група во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на ден 24.2.2025 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на извршител врз подносителот врз основа на ментална и телесна попреченост, здравствена состојба и припадност на маргинализирана група во областа на правосудство и управа.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-23/1 од 2.1.2025 година, од страна на Крива Паланка, против извршител , за сторена дискриминација врз основа на ментална и телесна попреченост, здравствена состојба и припадност на маргинализирана група во областа на правосудство и управа.

Според наводите од претставката, станува збор за стопирање на семејна пензија во НЛБ Тутунска банка од страна на извршител . Подносителот наведува дека е бездомник, во тешка егзистенцијална положба и неопходна потреба од финансиски средства поради лекови.

<u>Во прилог на претставката беа доставени следните докази:</u>

1. Решение за остварување право на надоместок за помош и нега од друго лице број 08-19/2024 од 6.3.2024 година;
2. Наод и мислење за видот и степенот на психофизичката попреченост од 24.1.1986 година;
3. Извештај од ЈЗУ ГОБ „8-ми септември"-Скопје од 12.8.2024 година;
4. Извештај од ГОБ „8-ми септември"-Скопје од 7.11.2024 година;
5. Упат за радиодијагностика од 4.11.2024 година од ЈЗУ Здравствен дом-Крива Паланка;
6. Извештај-радиодијагностички наод од 4.11.2024 година од ЈЗУ Здравствен дом-Крива Паланка;
7. Упат за специјалист од ПЗУ „Др. Иле Стаменковски"-Крива Паланка од 8.11.2024 година;
8. Спроводен лист.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 13.1.2025 година испрати Известување

бр. 08-23/2 за произнесување по наводите од претставката до извршител

На ден 31.1.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Произнесување по наводите од претставката од страна на извршител заведено под бр. 08-23/3.

Од канцеларијата на извршител ајпрво информираат дека на ден 12.7.2024 година до нив било поднесено барање за извршување од доверител ДООЕЛ Скопје против должникот од Скопје за наплата на парично побарување. Барањето било поднесено врз основа на извршна исправа Решение на нотар НПН.бр.5457/24 за долг по кредит и истото било заведено под И.бр.532/24.
Постапувајќи по барањето за извршување, извршителката на ден 12.7.2024 година има издадено налог за извршување врз основа на член 96 од Законот за извршување, но истиот не бил уредно доставен до должникот.
Дополнително на ден 16.12.2024 година врз основа на информација од КИБС извршителката има издадено налог за извршување врз основа на член 149 од Законот за извршување и истиот го има доставено до носител на платен промет.
На ден 2.1.2025 година должникот доставил во канцеларијата на извршителката Решение за остварување на право на надоместок за помош и нега од друго лице и во истиот момент бил направен заклучок за запирање со извршување од сметка, кој бил уредно доставен до носителот на платен промет.
Наведуваат дека по овој предмет било навремено и уредно постапувано од страна на извршителката, без да стане збор за било каква дискриминација и немало наплата на парични средства од сметката на должникот. На должникот исто така му биле деблокирани трансакциските сметки и не бил издаден друг налог за извршување.

Во прилог на произнесувањето беа доставени следните докази:

1. Барање за извршување;
2. Извршна исправа;
3. Полномошно;
4. Налог за извршување по член 96 од Закон за извршување;
5. Повратница;
6. Информација од АВР на РСМ;
7. Налог за извршување по член 149 од Закон за извршување;
8. Доставница на налог;
9. Информација од КИБС АД;
10. Решение од Меѓуопштински центар за социјални работи;
11. Заклучок за запирање;
12. Доставница на заклучок.

По увид во наводите од претставката, произнесувањата и доставените одговори, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 12.7.2024 година до канцеларијата на извршител било поднесено барање за извршување од доверител против подносителот на претставката како должник за наплата на парично побарување. Барањето било поднесено врз основа на извршна исправа Решение на нотар
Извршителката на ден 12.7.2024 година издала налог за извршување, но истиот не бил уредно доставен до должникот. На ден 16.12.2024 година издала нов налог за извршување кој бил доставен до носител на платен промет.

На ден 2.1.2025 година подносителот на претставката доставил Решение за остварување на право на надоместок за помош и нега од друго лице, по што бил направен заклучок за запирање со извршување од сметка, уредно доставен до носителот на платен промет. На подносителот исто така му биле деблокирани трансакциските сметки и не бил издаден друг налог за извршување.

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што* ***се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други"*.

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа"*.

Во смисла на наведеното, налогот за извршување бил издаден поради поднесено барање за извршување од доверител, кое пак било поднесено врз основа на извршна исправа Решение на нотар. Дополнително, не постојат ниту околности кои укажуваат на тоа дека извршителката постапувала нееднакво кон подносителот во споредба со останати должници против кои издавала налози за извршување. Оттука, Комисијата утврди дека не постои каузалност помеѓу наведените дискриминаторски основи во претставката и постапувањето од страна на извршителката.
Дотолку повеќе, веднаш по доставеното Решение за остварување на право на надоместок за помош и нега од друго лице бил донесен заклучок за запирање со извршување од сметка, а на подносителот му биле деблокирани трансакциските сметки и не бил издаден друг налог за извршување.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Димко Бејзароски

Доставено до:
-
-